Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок наден од дневни настани 09.09.2022

На 08.09.2022 во 06.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода З.Е. (30) од Куманово. Тој бил баран со потерница затоа што бил осуден на една година и шест месеци затворска казна за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик, а бил баран за доиздржување на седум месеци казна затвор. Лицето е спроведено во Казнено-поправна установа Затвор К'ченье за доиздржување на казната.

На 08.09.2022 во 13.30 часот на место викано „Борови", во близина на албанско-македонската граница од полициски службеници од Полициска станица Франгово е приведен Б.Б.(44) од Р.Албанија затоа што по извршени проверки било констатирано дека границата ја преминал на илегален начин. Лицето е предадено на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал миграции странци и readmisija-Струга за понатамошна постапка.

На 08.09.2022 во периодот од 07.00 до 14.00 часот на подрачјата на Одделенијата за внатрешни работи Радовиш и Валандово била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 46 прекршувања на брзината, од кои 29 на подрачје на Радовиш и 17 на подрачје на Валандово. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 08.09.2022 година во Полициската станица во Велес А.Ј (75) од Велес, пријави дека неговата малолетна внука додека се движела по ул.Христо Татарчев била касната од куче скитник.

На 08.09.2022 во периодот на 10 часот и 30 минути, во тетовска Волковија, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Г.Ј.(49) од Гостивар и Ј.С.(63) од ова село, кои со два трактори со приколки пренесувале дабово огревно дрво без потребните документи, откако претходно биле затекнати во аторот на селото.На двете лица одземени им се тракторите „ИМТ", две моторни пили и дрвата, задржани се во полициска станица и по документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

Полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар вчера (8 септември), во 16 часот и 15 минути и 19 часот, ги лишиле од слобода Ш.Х.(48), И.Д. (27), Ј.Д.(38) и Н.Д.(30), сите од гостиварско Черане, кои биле затекнати на локалниот пат во селото, во месноста „Јолов дол", како со возила (џипови) пренесуваат огревни дрва без потребните документи.Одземени им се две возила, дрвата и исто толку моторни пили и по целосно документирање на случајот protив нив ќе следуваат поднесоци по член 226 од Кривичниот законик за „пустошење на шума".

На 09.09.2022 во 01.35 часот било пријавено дека на магистралниот пат во близина на место викано „цевки" во Крива Паланка патничко моторно возило "форд фокус" со кумановски регистарски ознаки управувано од А.Ј.(19) од с.Конопница-Крива Паланка излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Д.Х.(23) од Крива Паланка, а со телесни повреди се здобил возачот констатирани во Здравствен дом-Крива Паланка. Извршен беа увид од увидна екипа од Полициската станица Крива Паланка.

Во текот на вчерашниот ден (08.09.2022) на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 64 возачи. Од нив 42 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 22 возачи надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 09.09.2022 полициски службеници од полициска станица Битола на ул " Прилепска" во Битола ги лишиле од слобода О.Б.(20) од Битола. При прегледа кај истиот пронајдени и одземена е марихуана.По документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 08.09.2022 полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп испратоа поштата во Прилеп лишиле од слобода малолетник од Битола при вршење на кражба на мотошкил. Лицето е приведено во Полициска станица Прилеп,а украденото е вратено на сопственикот.

На 08.09.2022 полициски службеници од СВР Битола-ОВР Прилеп на ул.Кузман Јосифоски" кај домот на културата „Марко Цепенков"во Прилеп ги лишиле од слобода М.Г. (18), Х. Г.(19), Л. М.(19)сите од Прилеп и К.П.(20) од Битола. При прегледа кај них пронајдена е марихуана. По документирање на случајте ќе следува соодветна пријава.

Вчерашенер (8 септември) околу 23 часот, во тетовско Боговиње, на локалниот пат кон Селце -Кеч, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 43-годишниот А.И. од ова село, затоа што при негов и прегледа на патничкото моторно возило „фолксваген туран" со тетовски регистарска ознаки, кое тој го управувал, била пронајдена марихуана.Тој е задржан во Полициска станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе биде изготвен поднесок.

Денеска (09.09.2022) во 12.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.М.(34) од Скопје. За него била распишана централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело "тешка кражба". Тој ќе биде предаден на надлежната казнено поправна установа.

Полициски службеници на СВР Тетово вчерашевер (8 септември) во 22 часот и 50 минути, на улица „Борис Кидрич" во Тетово, го привеле 33-годишниот Б.С. од тетовско Слатино, кај кого при преглед бил пронајден нож.По целосно документирање на случајот protив Б.С. ќе следува поднесок по член 80 од Законот за оружје.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава protив С.П.(58) од Вевчани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на службена исправа" како и protив С.Р.(44) од струшко село Велешта, за „злоупотреба на службена положба и овластување". На 27.08.2022 година, првопријавениот, во својство на службено лице-референт за транспорт (манипулант) во ЈП ШПС „Забланица" - Струга, на второпријавениот, кое управувал на правно лице за превоз на огревно дрво, со седиште во струшко село Велешта, му издал и потпишал службена исправа – испратница со невистинита содржина за пресечени 16 метри кубни огревно дрво, пресечени во одделе кој воопшто не постоел додека второпријавениот, на М.И. од тетовско село Желино му издал лажна испратница дека пресечените дрва биле подигнати од неговиот склад во селото Велешта.

Денеска (09.09.2022) околу 10 часот на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.М.(39) од Скопје. За него била распишана централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело "тешка кражба". Тој ќе биде предаден на надлежната казнено поправна установа.

На 08.09.2022 во 23.35 часот А.Р.Ш.(40) од Скопје, пријавила дека во Скопје на подрачјето на Аеродром нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.09.2022 во 23.10 часот М.Д.(20) од Скопје пријавила дека околу 20.30 часот во Скопје на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од Д.Д. од Скопје (женско лице). Се работи на расчистување на случајот.

На 08.09.2022 во 16.00 часот било пријавено дека во Скопје на подрачјето на Горче Петров бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу С.Љ.(29) и Е.Љ. (29, двајцата од Скопје. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.09.2022 во 22.17 часот било пријавено дека на 07.09.2022 околу 16.10 часот во с.Арнакија-скопско, по претходна расправија, Ф.Р.(22) од с.Долно Свиларе-скопско бил физички нападнат од О.М.(44) од С.Арнакија. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.09.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 74 прекршоци, од кои 45 во населено место и 29 надвор од населено место, од нив 19 на подрачјето на Штип, 16 Кочани, 15 Делчево, 7 Пробиштип, 7 Берово, 5 Свети Николе и 5 Виница. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 20 други возачи на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 3 за управување нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некоректење сигурносен појас и 2 за некоректење заштитна кацига.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (8 септември) околу 7 часот, на улица „Љуботенска" во Тетово, поради непријавен престој на подрачјето, ги привеле Ф.К.(31), Б.К.(43),Е.Д.(25) и подоша Х.И.(39), сите од Република Албанија. Тие се задржани во Полициската станица Тетово за натамошна постапка.

Вчера (8 септември) во 9 часот, на улица „Илинденска" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги привеле Ј.Ц. (35), Б.Ц.(23), Х.Ц.(24), В.Д.(19) и А.А.(50) од Република Турција, кои изведуваат градежни работи на објект, а поради сомнение дека го злоупотребиле туристичкиот престој во нашата земја.Тие се задржани во Полициската станица Гостивар за натамошна постапка.

На 08.09.2022 година од 05 до 09 часот, на подрачјето на СВР Охрид извршени се сообраќајни акциски контроли. Притоа, полициските службеници санкционирале 26 возачи на моторни возила кои, во и надвор од населено место, управувале со брзина поголема од дозволената (Охрид-08, Струга-04, Кичево-12, Дебар-02).

На 08.09.2022 во 14.42 часот во СВР Штип, од Казнено - поправната установа Затвор Штип било пријавено дека во затворот била пронајдена прашкаста материја. Полициски службеници од СВР Штип извршиле службен разговор со тројца осуденици Е.С.(44), Е.А. (20) и С.С.(26) од Штип, а прашкаста материја ја одзеле за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот, по што ќе следи соодветен поднесок.

На 08.09.2022 полициски службеници од СВР Штип ги лишиле од М.Б.Г.(22), Н.Т.(19) и еден малолетник, тројцата од Штип, бидејќи околу 19.30 часот на ул.„Партизанска" во Штип, при контрола и преглед на моето сопственост на Н.Т., управуван од М.Б.Г., а сопатник бил малолетникот, биле пронајдени и одземени марихуана и една дробилка. По комплетирање на случајот protив лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.09.2022 по претходно добиено оперативно сознание и поради сомнение за извршено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или експлозивни материи" врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Берово извршиле претрес во домот и помошните простории на Н.Р.(55) од с.Уклена, при што биле пронајдени и одземени една ловечка пушка, калибар 16мм и еден реденик со 11 ловечки патрони, со калибар 16мм кои ги држел и поседувал без дозвола. По комплетирање на случајот protив Н.Р. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 08.09.2022 во 10.30 часот во ОВР-Кавадарци М.М (49) од Кавадарци пријавил дека се шири непријатен мирис од соседната куќа,во која сам живеел неговиот чичко И.М. (70) од Кавадарци. Полициски службеници излегле на лице место и бидејќи влезната врата била заклучена, во координација со ТППЕ Кавадарци, била отворена вратата и во куќата е пронајдено телото на И.М.. Од Ифна медицинска помош е констатирана смрт со видливи изгореници на телото. По наредба на јавен обвинител од Кавадарци, телото е предадено на обдукција на Институт за Судска медицина –Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава protив Н.С. (51) од село Теарце, Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „ вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 19.07.2022 на регионалниот пат Тетово – Јажинце, во село Непроштено, при извршена контрола на патничко моторно возило „мерцедес", констатирано е дека прибавениот врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца..

Сајт МВР на Република Северна Македонија
МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Сајтот е изработен согласно Упатството за минимум стандардите за транспарентност на органите на државната управа на Република Северна Македонија

Сајтот е изработен од страна на Одделение за информатичко-комуникациски технологии при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. „Димитар Мирчев" бр.9, 1000 Скопје
Тел.: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет